**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за животна средина**
**Палата "Емануел Чучков", ул.“ Бихаќка “ бр.2, 5-ти спрат**
**http://www.sei.gov.mk/**

**Решение број ИП1-09-71**
**од 11.11.2024 година**

Државниот инспекторат за животна средина, преку виш водостопански инспектор Тони Димески, со службена легитимација број 06-0015, раководител на Одделение за водостопанска инспекција, регион – Запад, канцеларија Прилеп, изврши **вонреден** инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост Скопје, со деловно седиште ул.„3-та Македонска бригада1“ бр.10а, 1000 Скопје, застапувано од член на одбор на директори - Главен извршен директор Филип Филиповски со ЕМБГ . Со Записник број ИП1-09-71 од 30.10.2024 г. се утврди фактичката состојба и врз основа на член 230 став (2) и член 234 став (2) од Закон за водите (“Службен весник на Република Македонија“ бр.87/2008; 6/2009; 161/2009; 83/2010; 51/2011; 44/2012; 23/2013; 163/2013; 180/2014; 146/2015; 52/2016 и “Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.151/2021) и член 83 став (2) од Закон за инспекциски надзор (“Службен весник на Република Македонија“ бр.102/2019), го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1) **За остранување на констатираните недостатоци,се НАРЕДУВА АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост – Скопје, за Подружница Тиквеш Кавадарци :**

**Да изработи Проект за реконструкција и санација на Десен магистрален канал од ХМС Тиквеш (раздел Виларов-с.Тремник) КО Тимјаник, општина Неготино,** во кој ќе бидат опфатени мерки и активости за обезбедување водонепропусност на каналот, да нема големи загуби на вода, да нема подвирање на вода под каналот, и да нема присуство на вода во околното земјиштето, како и мерки и активности за санирање на појавеното свлекување на земјиштето и санирање на обрушениот дел од левата страна од отворениот бетонски каналот и доведување во функционална состојба до почетокот на вегетационен период во Април 2025 год., кога треба да се обезбеди вода за наводнување на земјоделско земјиште за општините Кавадарци и Неготино.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1) на ова решение, е **до почетокот на вегетационен период во Април 2025 год.** - по приемот на решението.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1) на ова решение, е должен по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести Државниот инспекторат за животна средина и инспекторот на мејл : t.dimeski@sei.gov.mk

4)Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот инспекторат за животна средина, согласно член 71 од Законот за инспекциски надзор ("Службен весник на РМ" бр.102/2019) преку раководителот на Одделение за водостопанска инспекција, регион – Запад, канцеларија Прилеп, Виш водостопански инспектор Тони Димески, со службена легитимација број 06-0015 спроведе вонреден инспекциски надзор во АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост во Подружница Тиквеш Кавадарци со деловно седиште ул.„Индустриска" бр.26 Кавадарци, застапувано од присутното лице Атанас Ризов раководител на Подружница Тиквеш Кавадарци. Увидот се изврши според член 229 став(1) и 230 став (1) точка 22) и 31) а во врска со член 166 од Закон за водите ("Службен весник на Република Македонија" бр.87/2008; 6/2009; 161/2009; 83/2010; 51/2011; 44/2012; 23/2013; 163/2013; 180/2014; 146/2015; 52/2016 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр.151/2021). Составен е Записник број ИП1-09-71 од 30.10.2024 год. во кој е констатирана следна состојба:

Во присуство на Александар Стојанов и Блаже Ангелов, вработени во АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост Скопје, Подружница Тиквеш Кавадарци, се изврши теренски увид на локација на КП 79/19; КП 79/7; КП 79/20 и КП 79/8 КО Тимјаник, Општина Неготино, каде е пријавено за настаната штета на ДМК од ХМС Тиквеш. При надзорот не се извршуваа работни активности на терен. Се изврши увид на просторот каде е обрушен дел од левата страна од бетонскиот отворен десен магистрален канал – ДМК (раздел Виларов-с.Тремник) КО Тимјаник, Општина Неготино. Овој канал стар над 50 год. е во многу лоша состојба. Преку него секоја година се врши обезбедување и доведување вода за наводнување на земјоделски површини во атарот на Кавадарци и Неготино во вегетациониот период од м.Април до м.Октомври. По должина на каналот има оштетувања на бетонските зидови и дното од каналот настанати во вегетациониот период кога каналот е полн со вода која се користи за наводнување, а кои не се санирани во период кога во каналот нема вода. Поради водопропусност на каналот во вегетациониот период има големи загуби на вода, која преку оштетените зидови и дното од каналот подвира под самиот канал, и предизвикува присуство на вода во околното земјиштето. Поради свлекување на земјиштето и обрушување на дел од левата страна од бетонскиот отворен канал, истиот е нефункционален и треба да се изврши санирање и реконструирање за да се доведе во функционална состојба до почетокот на вегетационен период во Април 2025г. согласно изработен Проект за реконструкција и санација на десен магистрален канал од ХМС Тиквеш, – ДМК (раздел Виларов-с.Тремник) КО Тимјаник, Општина Неготино

АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост - Скопје, Подружница Тиквеш - Кавадарци, согласно Договорот за пренесување на стопанисување, користење и одржување на ХМС Тиквеш, со број 02-1503 од 20.12.2005 год. склучен помеѓу МЗШВ и Водостопанство Кавадарци, го стопанисува, користи и одржува и бетонскиот отворен десен магистрален канал ДМК (раздел Виларов-с.Тремник) КО Тимјаник, општина Неготино.

По завршување на важноста на договорот, согласно член 47 став 3, 4, 5, и 6 од Законот за водостопанство ("Службен весник на Р.Македонија" бр. 51/2015; 193/2015 и 189/2016) целокупната водостопанска инфраструктура на тогашните постојни водостопанства ја презема АД Водостопанство на Р.Македонија во државна сосптвеност - Скопје, кој е правен наследник, а постојните водостопанства стануваат и работат како Подружници на АД Водостопанство на РСМ во државна сосптвеност - Скопје. Договорот за пренесување на стопанисување ,користење и одржувањс на ХМС Тиквеш со бр. 02-1503 од 20.12.2005 год., ги регулира, опфаќа и се однесува на прашања поврзани со Обврските и правата на Водостопаство, опфатени во (член 7 до член 19) и Обврски и права на Министерството за земјоделство,шумарствио и водостопанство, опфатени во (член 20 до член 26).

**<u>Во Анекс 1</u>** од договорот е даден опис на инфраструктурата (хидросистемот) и придружните објекти кои се пренесуваат на водостопанство Тиквеш. Десниот магистрален канал е со должина од 57,8 км и започнува на разделна градба на км 9+703 а завршува на км 57+886, а се користи за доведување на вода за наводнување на земјоделски површини во Кавадарци, Неготино и Росоман (во вегетационен период од м.Април до м.Октомври ).
**<u>Во Анекс 2</u>** од договорот Опис на состојбата на системот на денот на пренос во дел 2.3 е опишана состојбата на Десниот Магистрален канал, а во точка 10. Магистрален канал разделна Виларов-Тремник кој до стационажа км 34+067 е целосно реновиран (со нанесување на нова армирано бетонска облога врз старат), **а од стационажа км 34+067 до завршна стационажа км 56+696 треба да се реконструира.** Од страна на АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост Подружница Тиквеш Кавадарци, не се достави на увид писмена документација, извештаи или Проект за санирање и реконструкција и преземени мерки за одржување и обезбедување ефикасно и одржливо функционирање и извршени активности за чистење, на дното и зидовите од отворениот бетонски десен магистрален канал - ДМК разделна Виларов-Тремник, согласно член 166 став (3) од Закон за води и член 8 алинеја 4 од Договорот број 02-1503 од 20.12.2005 год.
**<u>Во Анекс 3</u>** од договорот се опишани обврските на Водостопанство за следење,контрола и вршење поправка на составни делови на хидросистемот и на обврските за чување на записи за работи извршени за санациони работи, хидромеханичка опрема и тековно одржување на главни канали и цевоводи, **кои се чуваат трајно во пишана или електронска форма.**

Согласно член 163 од Закон за водите, објектите и постројки кои се наменети за зафаќање, доведување и искористување на водата за наводнување, претставуваат водостопански објекти и постријки кои се дел од системите за наводнување.
Согласно член 164 од закон за води,“(1) Определени дејности кои се однесуваат на изградба, работење, управување и одржување на водостопански објекти и постројки заради управување со водите, како и давање на водостопански услуги, се сметаат за дејности и услуги од јавен интерес и се вршат на начин и под услови определени со овој закон. (2) Водостопански дејности и услуги од јавен интерес, се изградбата, експлоатацијата и одржувањето на водостопанските објекти и постројки кои обезбедуваат водостопански услуги за: наводнување на земјиштето;
(3) Дејностите и услугите за наводнување ќе се извршуваат од правни лица основани од Владата на Република Северна Македонија, на начин и во постапка утврдена со закон.
**Согласно член 166 став (3) од Закон за води** “ Правното и физичкото лице кои управуваат со водостопанските објекти и постројки се должни, во случај на опасност по водостопанските објекти и постројки, за тоа да го информираат органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и **да ги преземат сите неопходни мерки и активности за намалување или отстранување на опасноста“.**
Согласно член 191 став (3) од Закон за водите “(3) За работите поврзани со активностите и дејностите на водостопанствата од овој член, е надлежен органот на државната управа надлежен за вршење на работите во областа на земјоделството“.

Од извршениот теренски увид и увидот во доставената документација, се констатира дека согласно член 166 став (3) од Закон за води.
НЕМА Проект за реконструкција и санација на Десен магистрален канал од ХМС Тиквеш (раздел Виларов-с.Тремник) КО Тимјаник, општина Неготино, во кој ќе бидат опфатени мерки и активости за обезбедување водонепропусност на каналот, да нема големи загуби на вода, да нема подвирање на вода под каналот, и да нема присуство на вода во околното земјиштето, како и мерки и активности за санирање на појавеното свлекување на земјиштето и санирање на обрушениот дел од левата страна од отворениот бетонски каналот и доведување во функционална состојба до почетокот на вегетационен период во Април 2025 год.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение, може да се изјави жалба, согласно член 240 од Законот за водите и член 84 од Законот за инспекциски надзор.

Жалба против ова решение може да се изјави во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението, до Државната Комисија за одлучување во управна постапка ,постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен,
на адреса : Бул. „Гоце Делчев“ бр.18 ( зграда на МРТВ кат 11).

Според член 37 од Закон за административни такси,тарифа на административните такси за списите и дејствата кај органите на управата на РСМ, за жалба против решение, за тарифен број 2 се уплатува 250 денари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

Решено во Државен инспекторат за животна средина, со решение број ИП1-09-71 од 11.11.2024 година.

**Тони Димески**
Виш водостопански инспектор
Бр.лег. 06-0015

Доставено до :
- Архива
- АД Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост - Скопје, ул.„3-та Македонска бригада 1“ бр. 10а ,1000 Скопје .